Врз основа на член 22 став 1 од Законот за Локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр 5/02 ) и Програмата за култура во Општина Битола за 2022 („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 22/21 од 27.12.2021), Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за доделување на награди за талентирани и наградени ученици во основни и средни училишта

**Предмет на повикот**

Предмет на Јавниот повик е прибирање на пријави за доделување на еднократна финансиска награда за талентирани и наградени ученици од основните и средни училишта во Општина Битола во учебната година 2021/22.

Наградите ќе бидат поддржани со средства од Буџетот на Општина Битола за 2022 година согласно Програмата за култура на Општина Битола за 2022 година.

Наградите на избраните талентирани и наградени ученици ќе бидат доделени во рамките на празнувањето на патронот на Општина Битола, денот на Свети Нектариј Битолски.

**Критериуми за аплицирање и бодување  (Максимум 70 бодови)**

Право на поднесување на пријава за награда за талентирани и наградени ученици од основните и средни училишта во Општина Битола имаат кандидатите кои:

- се редовни ученици во основно или средно училиште во Општина Битола,

-освоиле награди за поединечно освоено I, II или III место на општински, регионален, државен или меѓународен натпревар за учебната 2021/2022 година, односно на натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници[1];

Критериумите за бодување се[2,3]:

- I, II или III место на општински натпревари (15,10, 5 бодови),
- I, II или III место на регионални натпревари (40, 30, 20 бодови),
- I, II или III место на државни натпревари (70, 60, 50 бодови),
- I, II или III место на меѓународни натпревари (100, 90, 80 бодови).

---

[1] Освоени места од неакредитирани здруженија на наставници за организирање на ученички натпревари за основно и средно образование нема да бидат земени во предвид.

[2] Освоените места на групни натпревари нема да бидат бодуваат

[3] Бројот на наградени ученици ќе биде според ранг листа се до искористување на средствата предвидени за оваа активност

**Потребна документација за пријавување**

Учениците кои поднесуваат своја пријава во рамките на овој повик потребно е да достават:

- пополнета Пријава (достапна на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk или на шалтер во Општина Битола),
- копија од извод од матична книга на родени од кандидатот,
- копија од трансакциска сметка и лична карта на ученикот/ родителот/ старателот доколку ученикот не поседува,
- потврда за редовен ученик,
- копии од дипломи за освоени награди,
- потврда за постигнат општ успех (свидетелство)
- Изјава потпишана од родител/старател дека доставените документи се вистинити и изјава потпишана од родител-старател за согласност за обработка на личните податоци на кандидатот.

**Висина на наградата** ќе изнесува од 70-80 поени 5.000 ден , од 80 до 90 поени 10.000 ден. и од 90-100 поени 15.000 ден.

**Поднесок на пријави**

Сите заинтересиани ученици кои ги исполнуваат условите на овој повик можат да поднесат пријава заедно со потребната документација во рамките на овој повик не подоцна од 31.10.2022.

Еден ученик има право да поднесе само една пријава за натпревар по свој избор доколку има освоено награди на повеќе од еден натпревар во повеќе од една област.

Документацијата се доставува во архива или по пошта на адреса:

Општина Битола, Сектор за економски развој, јавни дејности и ИТ; Булевар „1-ви Мај“ бр.61; (со назнака – Пријава за јавен повик за награди за талентирани и наградени ученици во основни и средни училишта).

Пријавите доставени по е-маил нема да бидат разгледувани.

Пријавите со нецелосна документација нема да бидат разгледувани.

**Доделување на награда**

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на крајниот рок на поднесување односно по изработка на ранг листа на апликантите од страна на Комисијата за оценување на апликациите за распределба на средствата од Буџетот на Општина Битола за 2022 год.

Дополнителни информации или прашања може да се поставуваат на е-маил: angelevskaa@bitola.gov.mk и моб: 075-335-855

Бр.41-23/2 | ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2022 год. | Тони Коњановски